Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-391/13
14-11-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-391/1 од 6.6.2023 година поднесена од [redacted] од Демир Хисар, против Управа за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје, за извршена дискриминација врз основа на образование и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 10.11.2023 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на образование и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи сторена од страна на Управа за јавни приходи – Генерална Дирекција Скопје врз [redacted]

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-391/1 од 6.6.2023 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација врз основа на образование и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи, од страна на Управа за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје.

Согласно наводите од претставката, подносителот е вработен во Управата за јавни приходи – Регионална дирекција Битола на работно место даночен службеник. Во претставката е наведено дека на 31.12.2022 година, Управата за јавни приходи објавила интерен конкурс за унапредување на даночен службеник бр. 1/2022, на кој подносителот уредно доставил пријава за унапредување во законски определениот рок. Притоа, на 7.4.2023 година бил известен дека на работното место под реден број 74 од [redacted] во Регионалната дирекција, Даночен инспекторат – Регионален даночен инспекторат Битола, било избрано лицето [redacted] во Даночно одделение Охрид, со одлука бр. [redacted] од 3.4.2023 година.

Подносителот на претставката истакнува дека согласно член 37 став 4 од Законот за Управата за јавни приходи кој гласи: резултатите од оценувањето ќе служат како основа за донесување одлуки за распоредување, унапредување или дисциплинска одговорност на службеникот. Во продолжение, подносителот на претставката се повикува на член 11 став 1 од Правилникот за начинот на спроведување на оценувањето на работата на даночните службеници [redacted] од 24.3.2016 година, согласно кој даночните службеници оценети со оценка 4 - ,,се истакнува" може да добијат награди или да бидат унапредени ако за тоа постојат услови. Дополнително, наведува дека согласно Методологијата за оценување на работата на даночните службеници, бр. 15-2228/2 од 24.3.2016 година, во делот: Оценки за учинокот и за личните способности и квалитет (компетентност) Ниво 4 – Учинокот ги надминува очекуваните работни стандарди; Сите работни задачи се извршени според високи стандарди со што учинокот на носителот на работното место се разликува од другите; Вработениот ги исполнува сите цели и барања и придонесува со

забележливи постигнувања над очекувањата и се квалификува за признание и награда за специјален придонес.

Во продолжение на претставката, подносителот го наведува неговото претходно работно искуство во Управата за јавни приходи, како и неговите квалификации, оценување при извршување на работните задачи и завршениот степен на образование. Притоа, истакнува дека во 2015 година бил вработен во Даночниот шалтер Демир Хисар на работно место помлад даночен агент за услуги, додека во 2016 година бил распореден во УЈП Битола – Одделение за наплата на долгови со следните работни задачи: изготвување на опомени по основ на данок на добивка и данок на додадена вредност, персонален данок на доход; постапка за присилна наплата со изготвување на Решенија за присилна наплата на парични средства. Во 2017 година, подносителот бил распореден во Одделението за правни работи со следните работни задачи: прием на тужби и пресуди, нивна заверка и достава до соодветното одделение, одговор на тужба, одговор на жалба, изготвување на жалба на пресуда, изготвување на кривична пријава, давање на правно мислење, како и сите останати работни задачи кои произлегуваат од работењето во Одделението за правни работи. Во продолжение на претставката, подносителот истакнува дека на 9.2.2017 година бил назначен за заменик – член на Комисијата за прекршоци со Решение бр. 16-1517/2, додека на 16.2.2018 година бил назначен за член на Комисијата за прекршоци со Решение бр. 13-1385/1. На 5.2.2021 година, подносителот бил повторно назначен за заменик – член на Комисијата за прекршоци со Решение бр. 12-905/1, додека на 7.2.2023 година бил назначен за член на Комисијата за прекршоци РД Битола со решение бр. 12-881/1.

Подносителот исто така наведува дека на 4.3.2016 година се стекнал со Диплома/уверение и стручен назив ДИПЛОМИРАН ПРАВНИК со 240 кредити, додека на 25.2.2022 година се стекнал со стручен назив МАГИСТЕР ПО ПРАВНИ НАУКИ, насока ГРАЃАНСКО ПРАВО со 60 кредити.

Во претставката е наведен член 37 став 4 од Законот за Управата за јавни приходи кој гласи: резултатите од оценувањето ќе служат како основа за донесување одлуки за распоредување, унапредување или дисциплинска одговорност на службеникот, а во продолжение, подносителот на претставката се повикува на член 11 став 1 од Правилникот за начинот на спроведување на оценувањето на работата на даночните службеници бр. 15-2228/1 од 24.3.2016 година, согласно кој даночните службеници оценети со оценка 4 - ,,се истакнува" може да добијат награди или да бидат унапредени ако за тоа постојат услови. Подносителот тврди дека во конкретниот случај постои ваков услов, бидејќи на објавениот Интерен конкурс број 1/2022, тој успешно аплицирал на истиот за унапредување на работно место од повисоко ниво – ДАН0101В03003 – Инспектор во Регионална дирекција Битола, [redacted] Битола. Според подносителот на претставката, лицето [redacted] кој до тогаш бил самостоен даночен референт за регистрација на даночни обврзници во Даночно одделение Охрид, а сега бил унапреден на работно место Инспектор, има помала годишна оцена во извршување на работните задачи од него, при што подносителот истакнува дека согласно Одлука за доделување на награди број 04-8095/1 од 30.11.2021 година, истиот тој, како вработен во Управата за јавни приходи добил Пофалница за професионалност и ефикасност во работата на УЈП. Дополнително, подносителот тврди дека лицето кое било избрано на претходно споменатиот конкурс, е лице кое има помало работно искуство и искуство во решавање на предмети од Регионален даночен инспекторат од подносителот, во поглед на доставување на правни мислења до РДИ и изготвување на одговори на тужби и жалби по решенија изготвени од РДИ, решавање по основ на предмети како член на Комисијата за прекршоци и постапувајќи по барања за поведување на прекршочна постапка поднесени од страна на РДИ до Комисијата за прекршоци.

Во продолжение на претставката, подносителот истакнува дека на дадениот Интерен конкурс исто така аплицирал за уште едно унапредување на работно место од повисоко ниво – ДАН0101В03007 – Асистент за услуги на даночни обврзници во Регионална дирекција Битола, Одделение за услуги на даночни обврзници. Притоа, на конкретната работна позиција била избрана [redacted] која дотогаш била вработена на работна позиција помлад соработник во одделение за општи и заеднички работи како административен службеник, за која подносителот тврди дека таа, како помлад соработник во одделение за општи и заеднички работи, нејзините работни задачи ги извршувала во Даночното одделение во Велес, односно никогаш не извршувала работни задачи во Управата за јавни приходи Регионална дирекција Битола. Во врска со ова, во продолжение е истакнато дека [redacted] е административен, а не даночен службеник, и притоа воопшто не била вработена во Управата за јавни приходи Регионална дирекција Битола, имајќи го во предвид фактот дека согласно Интерниот конкурс бр. 1/2022, насловот гласи за унапредување на работно место за даночен службеник, а не на административен службеник, како што е направено во конкретниов случај.

Согласно претходните наводи од претставката, подносителот тврди дека е дискриминиран на повеќе наврати. Наведува дека откако од 2017 година е распореден во Одделението за правни работи, ги има следните работни задачи: прием на тужби и пресуди, нивна заверка и достава до соодветното одделение, одговор на тужба/жалба, изготвување на жалби на пресуда, изготвување на кривична пријава, и останати задачи кои произлегуваат од неговото работење во соодветното одделение. Во продолжение истакнато е дека подносителот, како Дипломиран правник со 240 кредити и Магистер по правни науки – насока граѓанско прво со дополнителни 60 кредити, согласно постојаната систематизација на Управата за јавни приходи во Одделението за правни работи, во кое и е распореден, не постои работно место со средно образование, со што тврди дека веќе 6 години добива плата со најниско звање од средно образование, и покрај фактот што континуирано и успешно ги извршува сите работни задачи предвидени со систематизацијата на работно место согласно неговото стекнато образование.

Во продолжение, подносителот тврди дека е дискриминиран како член на Комисијата за прекршоци РД Битола, со тоа што сите останати членови и заменици – членови се на работни места за кои е предвидено високо образование, додека тој повторно е систематизиран на работно место со средно образование, и покрај фактот што добива работни задачи на ниво на систематизираните места со високо образование.

На крај на претставката, подносителот истакнува дека е дискриминиран и во однос на последната плата, исплатена за месец мај 2023 година, со што истакнува дека за конкретниот месец, вработено лице Хигиеничар со завршено основно образование остварува плата која е 8000 денари повисока од онаа на подносителот која е исплатена за истиот месец.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.6.2023 година испрати Известување бр. 08-391/4 за произнесување по наводите од претставката до Управа за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје.

На ден 27.7.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Управата за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје како одговор на претставката.

Од УЈП најпрво истакнуваат дека е нејасно како Управата за јавни приходи Генерална Дирекција Скопје сторила дискриминација кон подносителот, кога сите дејствија кои биле преземени од

нивна страна биле во согласност со важечките акти и закони. Оттука, во произнесувањето целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација како неосновани.

Во продолжение е истакнато дека подносителот [redacted], бил распореден на работно место помлад даночен агент за услуги согласно изменетиот договор за вработување од 9.2.2017 година, и констатираат дека со потпишувањето на истиот, подносителот на претставката ја искажал волјата и согласноста за содржината и утврдените права и обврски во истиот. Наведуваат дека против наведените акти, подносителот не користел никакво правно средство или пак ставал забелешки со кои би ја оспорил нивната содржина. Дополнително е истакнато дека непосредно претпоставен на подносителот [redacted] е раководителот – шеф на даночен шалтер, а во негово отсуство – управникот на Регионалната дирекција Битола, а не директорот на УЈП. Оттука, се тврди дека подносителот на претставката до сега на ниту еден начин не ги информирал непосредно претпоставените за дискриминацијата кон него, ниту пак побарал некаква заштита од истата, со што воопшто не се обратил до Единицата за професионални стандарди. Следствено, во произнесувањето е констатирано дека подносителот очигледно подолг временски период чувствувал или остварувал некаква корист, бил задоволен од правата кои ги остварувал и истото му одело во прилог, сѐ додека не решил да бара судска заштита, при што сметаат дека поднесената претставка за дискриминација е со цел да обезбеди докази за зајакнување и остварување на тужбените барања. Во прилог на ова е наведено дека одат и информациите дека при спроведување на надзори од страна на Државниот инспекторат за труд и Управниот инспекторат, не биле најдени никакви суштествени повреди при постапувањето на УЈП.

Во продолжение на произнесувањето, тврдат дека подносителот на претставката нема основ да ја посочува Генерална дирекција – Скопје како дискриминатор, врз основ на фактот дека тој бил правилно распореден со работни задачи кои се предвидени во договорот за вработување, и согласно правилникот за систематизација на работни места во УЈП.

Во однос на наводите дека [redacted] е дискриминиран при спроведувањето на интерниот конкурс за унапредување, од страна на УЈП – генерална дирекција Скопје истакнуваат дека се формира Комисија за селекција за унапредување, која согласно Упатството за спроведување на интерен конкурс за унапредување на даночните службеници и останатите вработени во УЈП бр. 01-8906/1, при што Комисијата ја спровела постапката за унапредување, за што донела Записник од постапка за административна селекција на кандидати за унапредување по интерен конкурс бр. 11-132/4 од 20.1.2023 година и Записник од спроведеното интервју по интерен конкурс бр. 11-132/12 од 14.2.2023 година, како и Извештај со ранг листа на кандидати за унапредување бр. 132/23 од 28.2.2023 година. Оттука, наведено е дека одлуката за избор е доставена на пријавениот Никола Дранговски, при што тој поднел 2 приговора, за што се донесени 2 решенија по приговорите бр. 04-132/89 и 04-132/87. Дополнително е истакнато и дека подносителот на претставката поднел 3 тужби пред Основен граѓански суд Скопје.

Во продолжение на произнесувањето се отфрлаат наводите во однос на тврдењето дека не се вреднувани квалитетите, образованието и работното искуство на подносителот.

Во однос на интерниот конкурс за унапредување на службеници, истакнато е дека истиот спроведен согласно закон и интерните акти на УЈП, при што за сите вработени важат исти услови и сите имаат еднакви можности за кариерно унапредување во јавна, фер и транспарентна постапка. Како одговор на наводите на подносителот на претставката, наведено е дека унапредување на административен службеник на слободно работно место за даночен службеник е дозволено согласно упатството за спроведување на интерниот конкурс за унапредување бр. 01-8906/1 од 30.12.2021 година. Во продолжение на одговорот е наведено и дека стручните квалификации на

подносителот биле целосно утврдени и соодветно бодуван согласно претходно наведеното упатство од страна на Комисијата за унапредување во постапката за селекција.

Во продолжение на произнесувањето, од УЈП – Генерална дирекција Скопје истакнуваат дека завршеното високо образование на подносителот на претставката и стекнатиот стручен назив дипломиран правник не бил оспорен од страна на Управата. Наведено е дека овој факт бил земен во предвид со тоа што во склоп на останатите потребни услови пријавите му биле прифатени како уредни со што добил право и ги поминал сите 3 фази за избор на кандидат. Притоа, во прилог на произнесувањето по претставката 08-391, УЈП – Генерална Дирекција Скопје го достави и последниот договор за вработување на подносителот [redacted] бр. 04-1797 од 9.2.2017 година, согласно кој подносителот се води како вработен со ССС, а не со ВСС.

Во однос на наводите на подносителот за неговата годишна оцена 4,0 согласно План и извештај за оценувањето на даночните службеници за 2021 година бр. 18-27/14-1 од 4.5.2021 година, УЈП – Генерална Дирекција Скопје истакнува дека имајќи го во предвид Законот за управата за јавни приходи и Правилникот за начинот на спроведување на оценувањето на даночните службеници бр. 15-228/1, ,,даночните службеници кои ќе бидат оценети со вкупна оценка 5 – особено се истакнува и оценка 4 – се истакнува, може да добијат награди или да бидат унапредени ако за тоа постојат услови". Фактот што подносителот на претставката не бил унапреден и покрај годишната оценка 4, како и постоењето на интерен конкурс за унапредување на даночни службеници, е елабориран со делот од Планот и извештајот за оценување каде е наведено дека ,, може да добијат награда или да бидат унапредени", и наведуваат дека согласно Одлуката за доделување на награди бр. 04-8095/1 од 30.11.2021 година, подносителот добил Пофалница за професионалност и ефикасност во работата, заедно со парична награда во износ од една просечна плата исплатена во УЈП во последните 3 месеци. Оттука, истакнато е дека цитираната одредба содржи формулација "може да добијат", а не "мора да добијат", и дополнително, истата е алтернативна – вработениот може да добие награда или да биде унапреден. Притоа, наведено е дека во случајов, подносителот на претставката Никола Дранговски добил пофалница и парична награда. Следствено, УЈП – Генерална дирекција Скопје тврди дека подносителот не бил дискриминиран во конкретниот случај, особено имајќи го во предвид фактот што истиот учествувал во постапката и добил парична награда.

Во продолжение на произнесувањето наведено е дека директорот на УЈП во законска постапка го распоредил вработениот на работно место ДАН0101Г04004 – Помлад даночен агент за услуги, Даночен шалтер Демир Хисар, РД Битола со Нов променет договор за вработување бр. 04-1797/1 од 9.7.2017 година, при што тој има непосредно претпоставено лице пред кое одговара за извршувањето на неговите работни задачи, а во негово отсуство – пред Управникот на Регионална дирекција Битола. Оттука, бараат подносителот да посочи кој му делегирал поинакви работни задачи од оние кои произлегуваат од Новиот променет договор за вработување и неговото работно место како помлад даночен агент за услуги.

Од Управата за јавни приходи – генерална дирекција Скопје тврдат дека прв пат се запознаваат со ваквите наводи од поднесената претставка за заштита од дискриминација, како и од постапките кои ги иницирал подносителот пред Државниот управен инспекторат, Државниот трудов инспекторат и трите тужбени барања поднесени од негова страна пред Основниот граѓански суд во Скопје. Оттука, се повикуваат на тоа дека единствен важечки документ кој го обврзува подносителот за постапување и извршување на работни задачи е Новиот променет договор за вработување од 9.2.2017 година. Во однос на дооформувањето на високо образование на подносителот, од страна на Генералната дирекција – Скопје наведуваат дека подносителот легитимно учествувал и во иднина имал право да учествува во постапки за кариерно унапредување

заедно со останатите вработени во УЈП и согласно личните квалитети, доколку предничи пред останатите вработени – и кариерно да напредува.

Во врска со наводите на подносителот за членување во Комисијата за прекршоци во регионалната дирекција – Битола, осврнувајќи се на фактот дека е единствениот член кој се води како вработен со завршено средно образование, за разлика од останатите кои се водат со високо образование, од УЈП – Генерална дирекција Скопје наведуваат дека не е јасно за каква дискриминација станува збор и дека споредувањето со останатите членови на комисијата нема никакво значење бидејќи тие се вработени на работни места за кои е предвидено завршено високо образование.

Како одговор на наводите дека платата на подносителот е пониска од онаа на лицето вработено на работна позиција хигиеничар, од Управата за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје наведуваат дека ваквите наводи се неосновани, и дека не постои никаков законски основ хигиеничарот да зема поголема плата од онаа на подносителот. Дополнително, наведено е дека за даночните службеници - како подносителот, платата е уредена со член 40 од Законот за Управата за јавни приходи и Колективен договор, односно составна е од основна плата според коефициенти за одделни групи на сложеност изразени во бодови и додатоци на плата, при што истото не е уредено со Законот за административни службеници. Оттука истакнуваат дека поплаката за ниска плата не претставува жалбен навод за дискриминација, освен доколку не се покаже дека платата на подносителот е пониска од онаа на друг вработен кај истиот работодавач кои извршува слични работни задачи. Притоа, се наведува дека бидејќи во конкретниот случај двете плати не може да се споредуваат бидејќи станува збор за две различни категории на работни места кои се уредени со различни закони.

Во прилог на произнесувањето доставена е и следната документација:

- Нов променет договор за вработување бр. 04-1797/1 од 9.2.2017;
- Одлука за спроведување на интерен конкурс за унапредување на работно место за даночен службеник бр. 04-995/32 од 30.12.2022;
- Решение за формирање на комисија за селекција за унапредување бр. 04-6966/1 од 30.12.2022;
- Записник за постапка за административна селекција на кандидати за унапредување по Интерен конкурс бр. 11-132/4 од 20.1.2023;
- Извештај со ранг листа од кандидати за унапредување бр. 132/13 од 28.2.2023;
- Интерен конкурс бр. 1/2022 за унапредување на работно место за даночен службеник арх. бр. 11-995/35 од 30.12.2022;
- Упатство за спроведување на интерен конкурс за унапредување на даночните службеници и останатите вработени во управата за јавни приходи за пополнување на слободни работни места за даночни службеници бр. 01-8906/1 од 30.12.2021;
- Записник од спроведено интервју по Интерен конкурс бр.11-132/12 од 14.2.2023;
- Одлука за избор на кандидат по Интерен конкурс бр. 04-132/16 од 3.4.2023;

На ден 18.8.2023 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата изврши увид во просториите на УЈП – регионална дирекција Битола, при што на увидот беа присутни [redacted] и подносителот на претставката [redacted]. Членката – известител по предметот побара образложение за наводите од претставката согласно кои подносителот бил префрлен да извршува работни задачи во одделението за правни работи, при што од страна на управникот беше наведено дека за конкретната работа било решено на централно ниво, согласно записник од работен состанок на колегиумот од 16.5.2018 година. Членката – известител прибави примерок од конкретниот записник бр. 28-27-1/1/8/6, во кој согласно *Заклучок бр. 2* е решено: *„Да се обучи*

[redacted] *од одделението за присилна наплата да ја води евиденцијата на физичките лица во одделението, од причина што* [redacted] ***кој до сега ја извршување оваа работна задача ќе биде целосно ангажиран во одделението за правни работи**."*

Од страна на управникот [redacted] беше дополнително образложено дека на 3 наврати поднесувала барања за унапредување на подносителот [redacted], како и за останати колеги, при што членката – известител прибави примероци од предметните барања упатени до директорката на УЈП Сања Лукаревска и [redacted] од 16.2.2021, 7.5.2021и 21.11.2022 година. Притоа, подносителот [redacted] истакна дека тој сѐ уште се води со ССС, и покрај фактот што завршил високо образование заклучно со степен магистерски студии, при што се стекнал со 300 ЕКТС и назив магистер по граѓанско право, при што повикувајќи се на систематизацијата на работни места во одделението за правни работи во Битола, каде и тој ги извршува своите работни задачи образложи дека не е предвидено работно место со ССС. Оттука, подносителот наведува дека е и единствениот кој од 2020 година ги извршува работните задачи во тоа одделение, поради фактот што вработените [redacted] отишле во пензија, додека вработената Катерина Б. отишла на породилно отсуство. Освен тоа, подносителот доставил и барање за да му се признае стекнатото високо образование.

Во однос на наводите на подносителот за двата останати вработени кои биле унапредени на работните позиции на кои тој се пријавил согласно Конкурсот за унапредување од декември 2022 година, подносителот истакна дека [redacted], по нејзиното унапредување на позиција асистент за услуги на даночни обврзници, истата не се појавила на работното место во Регионалната дирекција Битола. Во однос на [redacted] кој бил избран за работното место инспектор во Регионалната дирекција Битола, подносителот наведува дека има поголемо искуство работејќи на конкретните работни задачи, повисок степен на образование од избраниот кандидат, како и подобри годишни оценки од него.

На ден 17.8.2023 година, подносителот на претставката достави дополнителна документација која се состоеше од:

- Барања за одмор од 29.4.2020, 11.5.2021 и 12.6.2023, согласно кои подносителот се води како распределен во Одделение за правни работи;
- Решение за извршување на вонредни работи и задачи во времетраење од 2 месеци за работно место Даночен референт во Одделение за присилна наплата на даноци, бр. 04-2916/1 од 25.4.2016 година;
- Табеларен преглед за постапки по тужби/предмети вратени во повторна постапка.

Поради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 10.10.2023 година согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација изврши увид во просториите на УЈП – Генерална дирекција Скопје, на кој присуствуваше [redacted]

Од раководителката беше побарано да даде информација во однос на тоа колку случаи на вработени кои доформиле степен на образование, при што истиот им бил признат, при што од нејзина страна беше приложен список на вработени кои пријавиле дека се стекнале со повисок степен на образование за време на работниот однос, меѓу кои бил и подносителот [redacted]. Конкретниот список беше изготвен заклучно со поднесените барања од 3.10.2022 година, при што согласно ваквиот список, евидентирано е дека на 16.5.2016 година [redacted] поднел барање за признавање на неговиот степен на високо образование од прв циклус - додипломски студии, како дипломиран правник на Правниот Факултет при Универзитет

Св. Климент Охридски – Битола. Дополнително, беше образложено дека овие вработени не се опфатени со некој посебен систем или процедура согласно кој нивниот повисок стекнат степен на образование би бил прифатен. Оттука, раководителката наведе дека бидејќи платата зависи од позицијата на која се вработени и нивното звање, подносителот на претставката може да добие повисока плата само со постапка за унапредување, при аплицирање на интерен конкурс.

Во однос на наводите дека подносителот извршува работни задачи во секторот за правни работи во Регионалната дирекција – Битола уште од 2017 година, раководителката тврдеше дека од Генерална дирекција – Скопје не биле запознаени со ваквата одлука која била донесена на регионално ниво, при што записникот од предметниот состанок на колегиум на кој била донесена истата не бил доставен на централно ниво. Членката – известител по предметот констатира дека [redacted] на неколку наврати ја известила директорката на УЈП за потребата да подносителот [redacted] биде трајно и формално унапреден и прераспределен во одделението за правни работи, при што раководителката истакна дека таквите барања не стигнале до нејзе, бидејќи таа е изготвувачот на годишниот план за секоја следна година.

Во врска со наводите дека подносителот бил дискриминиран во однос на двата вработени кои биле унапредени на работните места за кои тој аплицирал – [redacted] на работно место Инспектор и [redacted] на работно место Асистент на услуги за даночни обврзници, членката известителка ја задолжи раководителката на секторот за човечки ресурси на УЈП да достави информации за процесот на административна селекција на кандидатот [redacted] (дали бил оценуван со ССС или ВСС, со кој степен на образование биле оценувани компараторите при ваквата селекција и кои работни задачи ги извршувале пред да бидат унапредени), при што ваквиот одговор беше доставен на 16.10.2023 година.

Во прилог на истиот беше доставен извештај за компаративно оценување на кандидатите за работно место бр. 62 – Асистент за услуги на даночни обврзници за кандидатите [redacted] (подносителот на претставката), кој бил оценет со 19,31 бодови и [redacted] која како најдобро оценета кандидатка со 20,13 бодови била унапредена на оваа позиција. Притоа, од ваквиот извештај можеше да се увиди дека [redacted] добил помалку поени согласно просечната оценка од постигнатиот успех при неговото високо образование, односно 6,31 поен во однос на 8,13 поени кои ги добила [redacted]. Дополнително, оттука може да се увиди дека степенот на образование со кој подносителот на претставката [redacted] бил бодуван на конкурсот за унапредување бил ВСС. Дополнително, [redacted] се стекнала со повисоки бодови во делот на оценувањето на годините на работно искуство, при што нејзините 10 години работно искуство се оценети со 7 бодови, додека 8 години работно искуство на подносителот Никола се оценети со 5 бодови. Во делот каде што се оценуваат реализираните обуки, подносителот Никола се стекнал со 2 бодови повеќе од Елвиса Џигал, како и еден дополнителен бод кај подносителот за познавањето на втор странски јазик. Притоа, во останатите категории кои се предмет на оценување, нивните бодови се идентични, со што се заклучува вредноста на оценките, од каде што Елвиса Џигал има 0,82 бодови повеќе од подносителот Никола Дранговски при изборот на кандидат за работно место 62.

Во однос на наводите за друг компаратор, [redacted], кој исто како и подносителот конкурирал за работно место број 74 – Инспектор, и бил избран за истото, беше доставен извештај за компаративен преглед на нивното оценување. Притоа, од истиот може да се воочи дека двата кандидати биле оценувани врз основа на нивниот просечен успех постигнат во високото образование, при што избраниот кандидат [redacted] се стекнал со 6,59 бодови, а подносителот со 6,31. Оттука, станува збор за иста фактичка ситуација при оценувањето на нивното работно искуство како и со претходниот извештај, при што Ерол Сејдиноски е оценет со 7 бодови

за неговото десетгодишно работно искуство, додека подносителот е оценет со 5 бодови за неговото осумгодишно работно искуство. Во делот на оценување на реализираните обуки, [redacted] се стекнал со еден дополнителен бод во однос на подносителот, додека во делот за оценување на познавањето на странски јазици, подносителот [redacted] се стекнал со дополнителен бод врз основа на познавањето на втор странски јазик. Оттука, завршните оцени кои ги добиле кандидатите за работно место број 74 – Инспектор се 19,31 бодови за [redacted], и 21,59 бодови за вработениот [redacted] кој и како најдобро оценет кандидат, со 2,28 бодови повеќе од подносителот на претставката, бил избран за ова работно место.

Во однос на оценувањето на просечниот успех од највисокиот степен на образование со кои се стекнале трите кандидати, од табеларните извештаи, како и од известувањето од секторот за човечки ресурси можеше да се воочи дека сите кандидати биле оценувани со завршено високо образование – додипломски студии. Притоа, согласно списокот на вработени кои дооформиле образование заклучно со 3.10.2022 година прибавен од раководителката на секторот за човечки ресурси, евидентирано е дека подносителот [redacted] ја известил Управата за јавни приходи за завршен прв циклус на високо образование – додипломски студии по право на 16.5.2016 година, и следствено, бил оценуван со ист степен на образование како и останатите два кандидати за унапредување вработени во Управата.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на УЈП – Генерална дирекција Скопје врз [redacted] согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

**Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди индиции дека се работи за прекршување на права од работен однос, но не можеше да го утврди компараторот со кој повредата би се класификувала како дискриминација.**

Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за разликување на подносителот на претставката [redacted] во однос на останатите вработени во Управата за јавни приходи врз основ на неговиот стекнат степен на образование. Притоа, од прибавените докази беше видно дека не станува збор за ограничување и давање првенство на останатите вработени во однос на подносителот, имајќи го предвид фактот дека заклучно со 3.10.2023 година, има вкупно 137 вработени во УЈП кои пријавиле дооформен повисок степен на образование. Во однос на наведените компаратори кои биле избрани на работните позиции за кои подносителот на претставката аплицирал за унапредување, беше утврдено дека не постоела дискриминација и давање на првенство при процесот на оценување во административната селекција, односно сите три кандидати за унапредување биле оценувани со стекнатиот степен на образование – високо. Дополнително на ова, повисоките бодови кои наведените компаратори ги добиле при ваквата административна селекција се врз основа на постигнатиот успех во нивното завршено високо образование, како и останати категории кои биле предмет на оценување, согласно кои следствено биле и избрани како највисоко бодувани кандидати за дадените работни места.

Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
14.11.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Управа за јавни приходи – Генерална дирекција Скопје, бул. ,,Кузман Јосифовски-Питу" бр. 1, 1000 Скопје